8-10-1997



Mail art

# МИНИМАЛИСТИЧКИ ЕКСПРЕСИОНИЗАМ

Секогаш било така: новите визии во уметноста ги "буткале" поединци, занесеници и најчесто, за пошироката средина, неразбирливи ентузијасти, особено ако сето тоа се случува во паланечки средини, како што е Прилеп. Во овој град веќе неколку години младиот **Златко Крстески** симпатично упорно ја "бутка" својата визија - мејл артот - со цел да го внесе на заслужената врата и во нашата држава. Оваа година во Прилеп беше организиран вториот Македонски интернационален мејл арт проект и фестивал на визуелна поезија, како континуитет на првиот, скромен обид од пред три години во Битола.

Следбениците на мејл артот, особено оние целосно посветените, корените на ова творештво го наоѓаат во дадаизмот и особено во подоцнежните варијанти на ова движење, како што се неодадаизмот, новиот релизам и флуксус движењата. Во основата на мејл артот се познатите востановени принципи врз кои се изградија овие "гранки" на уметноста на 20 век, како што се разбивање на класичната идеја за уметноста, напад врз општоприфатениот "здрав разум", јавното мислење, образованието и добриот вкус. Единствената разлика што оваа уметност ја прави посебна е изборот на медиумот - средствата на поштенскиот сообраќај: уникатни ликовни решенија за поштенските марки и коверти.

За да биде целосен и заокружен како уменички израз, за "татко" на мејл артот се смета **Реј Џонсон**, кој во 1962 година во Њујорк на *New York Corespondent School of Art* го промовираше овој израз како нова авангарда. Оттогаш, па сè до денес, мејл артот стекна многубројни следбеници во ликовниот свет, а многубројни се и изложбите и разните други манифестации речиси на сите меридијани во светот.

Во меѓународната мрежа на *мејл арт* манифестациите од годинава е вклучена и македонската, која според организаторот Златко Крстески, сликар со повеќе самостојни изложби во земјата и во странство и со мејл арт дела во повеќе меѓународни каталози, ќе се одржува секоја година во Прилеп, веројатно и понатаму во Домот на културата "*Марко Цепенков*". Годинава свои дела испратија 190 уметници од 31 земја, што е компаративно гледано прилично респектибилен број. Она што треба понатаму да се направи е да му се помогне на Крстески во тоа оваа манифестација да добие на гласност, а зошто не, бидејќи се работи за лесно мобилни експонати, по Прилеп изложбата да ја прифати и некој музеј или галерија во Скопје.

З. Б.



Дел од мејл арт работите на З. Крстески





